Архивски број : 0801-257/8
24.11.21 Година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-257/1 од 06.09.2021 поднесена од [redacted] од Битола, преку полномошник – адвокат [redacted] од Битола, против ЈЗУ Клиничка Болница Д-р Трифун Пановски – Битола, за извршена повторена дискриминација заради нееднаков третман при пристапот до вработување во областа работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.11.2021 г. го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ПОВТОРЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** при пристапот до вработување при објавен оглас за вработување во областа на работа и работни односи, извршена од страна на ЈЗУ Клиничка Болница [redacted] – Битола кон [redacted] од Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за Спречување и Заштита од Дискриминација поднесена е претставка со архивски број: 0801-257/1 од 06.09.2021 година, од подносителката [redacted], за сторена продолжена дискриминација при селекција по оглас за вработување во областа работа и работни односи од страна на ЈЗУ Клиничка Болница [redacted] – Битола.

Согласно наводите од претставката, подносителката тврди дека дискриминацијата започнала со изборот на кандидати по оглас со бр.04-439/1 од 29.06.2018 година за вработување на повеќе медицински работници и за прием на 2 (два) фармацевтски техничари со средно стручна спрема и положен стручен испит на неопределено време во кој аплицирала и [redacted], но поради направениот избор се чувствува дискриминирана.

На конкретниот оглас се јавиле 16 кандидати кои ги исполнувале условите а 14 од нив се јавиле за да го полагаат предвидениот стручен испит, согласно член 160 од Законот за здравствена заштита, со кој 50 бодови требало да се добијат од просекот на успехот во средното училиште и 50 бодови од стручниот дел.
Комисијата за селекција изготвила ранг-листа и согласно член 161 став 1 од Законот за здравствена заштита и предложила листа од 6 (шест) кандидати до В.Д Директорот Д-р. [redacted] кој по пат на спроведено интервју донел одлука со бр. 04-439/2 од 20.08.2018 година, за прием на: [redacted] и [redacted] (прво и шесто рангирани соодветно).


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имајќи ги предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 09.07.2021 година испрати Известување бр. 0801-257/2 за произнесување кон наводите од претставката до ЈЗУ Клиничка Болница [redacted] – Битола како потенцијален дискриминатор.

Според доказите приложени кон претставката, подносителот во меѓувреме се обраќа и до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, од каде добила негативен одговор на жалбата квалификувајќи ја како неоснована, потоа поднесува тужба до Основен суд Битола кој донел пресуда бр. РО-6/19 од 25.09.2019 година во корист на [redacted] со која се поништува решението на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и се поништува одлуката со број 04-439/2 од 20.08.2018 година, донесена од страна на В.Д Директорот на ЈЗУ Клиничка Болница д-р[redacted] – Битола за изборот на 2 (две) фармацевтски техничари.

Управата на ЈЗУ Клиничка Болница Д-р [redacted] – Битола, незадоволна од пресудата на Основен суд Битола, поднела жалба до Апелациони суд Битола за поништување на пресудата на Основен суд - Битола со бр. РО-6/19. од каде добиле пресуда за основаност на пресудата донесена од Основниот Суд – Битола.

На 21.10.2021 г. од страна на ЈЗУ Клиничка Болница Д-р [redacted] – Битола, до архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор во кој се укажува дека Комисијата за селекција при ЈЗУ Клиничка Болница Д-р [redacted] – Битола, постапила по упатството на судската одлука и изработила нова ранг листа од пријавените кандидати, истата била предадена на Директорот д-р. [redacted] за понатамошно постапување, која во законски процедури, со водење на записник, закажала интервју со сите кандидати на ден 17.07.2020 година, но на интервјуто се јавиле само 3(три) кандидати.

На ден 29.10.2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги задолжи членовите: Лимко Бејзароски и Ирфан Деари да извршат непосреден увид во просториите на ЈЗУ Клиничка Болница [redacted] Битола, за предметот на [redacted] за што беше направен и Записник од увидот во кој стои дека од расположивата документација од непосредниот увид, констатирано е дека во првиот избор на кандидатите за избор на фармацевтски техничари при вршење на интервју не бил воден записник, но во вториот случај кога работодавачот по насоки на судска одлука го повторил изборот, спровел регуларна постапка за избор согласно чл.161 од Законот за Здравствена заштита, со уредно воден записник и по пат на интервју повторно ги избрал кандидатките [redacted] и [redacted] (прво и шесто рангирани).

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при работа на претставки за заштита од дискриминација е надлежна да постапува согласно одредбите содржани во Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде дискриминацијата е дефинирана во член 6:


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Од ова произлегува дека секоја повреда на некое право не претставува дискриминација, доколку не е извршено врз некоја од дискриминаторските основи што се наведени во членот 5 од ЗСЗД, кој гласи:

Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, анализирајќи ја документацијата по предметот констатира дека подносителот не го навел основот на дискриминација и го задолжи известителот по предметот, по e-mail пошта, да се обрати до ополномоштениот - адвокат [redacted] со барање за доуредување на претставката со цел да се утврди основот на дискриминацијата.
До денот на одлучување 22.11.2021 година до архавита на КСЗД не пристигна никаков документ од страна на полномошникот во врска со барањето да достави документација за основот на дискриминација. Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дебатирајќи за основот, не можеа да утврдат дискримнаторски основ согласно членовите 5 и 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи подносителката [redacted], нема наведено основ во нејзината претставка, ниту нејзиниот ополномоштен адвокат иако им беше дадена можноста да достават некаков документ од кој би можело да се утврди основот на дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација анализирајќи ги сите релевантни факти, не утврди акт на дискриминација од страна на ЈЗУ Клиничка Болница „[redacted]" Битола, затоа што директорката уредно формирала Комисија за селекција, која спровела законска процедура во постапка на селекција и при новиот избор за двете работни места – фармацевтски техничар изготвила две ранг листи кои ги предложила до актуелниот директор [redacted], а која спровела и интервју со кандидатите од ранг листите, а на интервјуто присуствувале само три кандидати. Со ваквата постапката директорката на ЈЗУ Клиничка Болница „[redacted]" Битола, спровела уредна


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

постапка согласно судските препораки. Позитивните законски прописи го гарантираат правото на работоводниот орган да спроведе интервју во услови кога на ранг листатата предложена од селекционата комисија се наоѓаат повеќе од три кандидати, а при изборот да го користат и интервјуто со кандидатите како начин за селекција на истите.

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бидејќи не можеше да утврди дискриминација по ниту еден дискриминаторски основ, согласно членовите 5 и 6 од ЗСЗД, не утврди повторена дискриминација кон [redacted] во областа на работа и работни односи, извршена од страна на раководниот орган на ЈЗУ Клиничка Болница „Д-р Трифун Пановски" Битола, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

По овластување на КСЗД

Член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација – известител по предметот
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted] Битола,
- ЈЗУ Клиничка Болница Д-р [redacted] - Битола
- Адвокат [redacted] 7000 Битола


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk